**Од денес до 10 мај (во 16 часот) 2016 година**, граѓанските организации како и непрофитните научно-истражувачки установи можат да се пријават на
**повикот за акциски грантови на Цивика мобилитас**
.




Акциските грантови на Цивика мобилитас ги поддржуваат граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности, а кои вклучуваат оспособување на нивните конституенти; јакнење на односите со граѓаните, заедниците и пошироката јавност; како и влијание за постигнување позитивни општествени промени.

Времетраењето на активностите од овој повик треба да биде помеѓу **12 и 24 месеци**, а големината на грантот
**треба да биде помеѓу 1.000.000 и 2.000.000 денари**
.

Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на: helpdesk@civicamobilitas.mk **најдоцна до 30 април 2016 г.**

Цивика мобилитас ќе одржи информативна/и сесија/и за овој повик. Следете ја веб-страницата на Цивика мобилитас како и страницата на Фејсбук и информирајте се за евентуалните промени.